USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Проект на УСАИД за граѓанско учество (ПГУ)

Второ издание, април-декември 2017

БИЛТЕН

ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО ВТОРОТО ИЗДАНИЕ НА БИЛТЕНОТ НА ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО (ПГУ). ВО ОВА ИЗДАНИЕ СЕ ПОКРИЕНИ НАЈВАЖНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРАВМЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ШЕСТ МЕСЕЦИ, ОДБЕЛЕЖУВАЈЌИ ЈА ПРВАТА ГОДИНА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ.

РЕЗУЛТАТИТЕ КОИШТО НИЕ ИЗБРАВМЕ ДА ГИ СПОДЕЛИМЕ СО ВАС СЕ САМО ДЕЛ ОД МНОГУТЕ АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРАВМЕ ВО ТЕКОТ НА ОВОЈ ПЕРИОД. СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ПРИКАЗНИТЕ ЌЕ БИДАТ ИНСПИРАТИВНИ ЗА ВАС И ДЕКА ЌЕ ГИ СПОДЕЛИТЕ СО ВАШИТЕ СЕМЕЈСТВА И ПРИЈАТЕЛИ.

Белешка

Секогаш кога некој ќе ме праша да ја објаснам Програмата "Linking, Engagement, Advocacy, Development (LEAD MK)" во Македонија на проектот на УСАИД за граѓанско учество, јас уживам во објаснување на истата, на нејзината комплексност и посебност. Тоа не е програма која може да се опише со само неколку реченици. Програмата LEAD MK им дава можност на младите луѓе да искусат вистинска вклученост во општеството. Преку учеството во програмата LEAD MK, младите стануваат агенти на промената.

Со младите доаѓа енергијата, иновативноста и оптимизмот – доколку им се обезбеди средина која тоа го поттикнува. Програмата LEAD MK на ПГУ го обезбедува токму тоа – можности за младите кои сакаат да направат разлика! Како што има кажано Џ. К. Роулинг, *„Нам не ни треба магија за да го промениме светот, ние веќе во себе ја носиме сета сила која ни е потребна: имаме моќ да замислуваме подобри работи"*.

Во ова издание ќе прочитате за тоа што постигна првата генерација на стипендисти на LEAD MK, а додека го читате ова, ние ќе им помагаме на втората генерација на LEAD MK стипендисти во реализирање на нивните иницијативи.

Мартин Милошевски, програмски менаџер за Проектот на УСАИД за граѓанско учество во рамките на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)

ПРОГРАМСКИ НОВОСТИ

Грантови во рамки на ПГУ

Како резултат на повиците за грантови, добивме голем број на апликации, па според тоа нашите активности беа претежно насочени кон подготовка на потребните документи за доделување на 17 грантови од кои: доделивме два гранта на алијанси на граѓански организации (ГО) како партнерски грантови; доделивме шест гранта на граѓански организации како грантови за стратешка поддршка; доделивме шест гранта за младински граѓански организации за поддршка на младинското учество; и доделивме три гранта на граѓански организации како грантови за брза реакција. Понатаму, доделивме три грантови на победниците на Годишната награда за младинско учество, и 11 грантови за реализирање на мали иницијативи во рамките на LEAD MK програмата, имплементирани од вкупно 16 стипендисти. Овие грантови вкупно изнесуваат повеќе од 1 милион американски долари и даваат поддршка на: алијансите на граѓанските организации, граѓански организации и младите да се вклучат заедно со претставниците на власта во дискусии кои се однесуваат на јавните политики и развој на заедниците. Ние сме горди што можевме да ја поддржиме работата на организациите и поединците наведени подолу во табелата.

Забелешка од уредникот

Би сакале да ги слушнеме вашите мислења и предлози за овој билтен и за работата на ПГУ. Ве молиме да ни ги испратите вашите повратни информации во било кое време со тоа што ќе ни пишете на: cepmk@ewmi.org и ќе нè следите на https://www.facebook.com/CEPMacedonia/.

ИМЕ НА ГРАНТИСТОТ	ИМЕ НА ПРОЕКТОТ
Финансиска отчетност и транспарентност во Македонија - ФИСКАСТ, Скопје	„Мои пари, моја одговорност“: партиципативно буџетирање во општините во Македонија
Платформа на граѓански организации за борба против корупција, Скопје	Зајакнување на платформата на ГО за борба против корупција
Здружение ФОРУМ Центар за стратешко истражување и документација, Скопје	Активни граѓани за добро владеење
Реактор – Истражување во акција, Скопје	Мобилизирање за родова еднаквост
Паблик – Здружение за истражување, комуникации и за развој, Скопје	Социјалните претпријатија (СП) ги поврзуваат точките: економски раст, развој на заедницата и социјална инклузија
Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп	Зајакнување на учеството на младите во локалните заедници
Асоцијација за едукација МЛАДИИНФО ИНТЕРНЦИОНАЛ, Скопје	Мрежа на младински банки Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жени - ЕСЕ, Скопје	Патот до правдата за жени жртви на семејно насилство
Сојуз на извидници на Македонија, Скопје	Младинско учество преку извидништво
Здружение за демократско унапредување – “Democracy Lab”, Тетово	impACT
Здружение за дислексија Ајнштајн Скопје	Инфо ѕид за дислексија
Младински сојуз – Крушево, Крушево	Град – пријател на младите
Здружение Платформа за зајакнување на младите, Гостивар	TechUP
Здружение LEAD – Лидери за едукација, активизам и развој	MyVoice
ЦИВИЛ – Центар за слобода, Скопје	#СЛОБОДНИ ИЗБОРИ 2017 – Проект за мониторинг на вонредните избори
Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА, Куманово	Политичко учество на лица со попреченост
Здружение за култура и развој на креативни индустрии КУЛТ – ТРАНЗЕН Струмица	Политики за културно учество – нов модел на владеење во културата

Текстот подолу дава повеќе информации за 11-те мали иницијативи спроведени од страна на првата генерација на стипендисти на ПГУ, како и добитниците на наградата за младинско учество и нивните искуства.

Добитниците на овие грантови беа јавно промовирани на промотивниот настан за грантови организиран од страна на проектниот тим на 14-ти септември 2017 година, пред претставниците на други граѓански организации, млади луѓе, неформални групи, донаторската заедница и претставници на медиумите. На настанот, постојаниот претставник на УСАИД за Македонија, Дејвид Атебери, ги поздрави учесниците и потенцираше, *„Со нетрпение чекам да видам како овие проекти предводени од граѓаните ќе го поврзат граѓанското општество со јавниот и приватниот сектор и со власта и ќе доведат до посилни јавни политики и акции кои ќе бидат придобивка за заедниците во цела Македонија“*.

На настанот, ПГУ презентираше и дистрибуираше флаер со временската рамка за грантови за периодот 2017/2018 година на ПГУ, во кој се наведени сите можности за грантови на ПГУ за претстојната година. За повеќе информации, ве молиме прочитајте подолу во делот насловен „Претстојни активности“.

Во продолжение ги издвојуваме конкретните резултати на нашите грантисти.

Дејвид Атебери, Постојан претставник на УСАИД во Македонија

НАЈВАЖНИ ОСТВАРУВАЊА ВО РАМКИ НА КОМПОНЕНТИТЕ

Програма за Linking, Engagement, Advocacy, Development (LEAD MK) во Македонија

Во април, проектот на УСАИД за граѓанско учество избра 17 стипендисти за LEAD MK на возраст од 18 до 25 години и организираше седумдневна LEAD MK01 академија, предводена од страна на меѓународниот експерт Крег А. Боуман. На академијата, учесниците работеа заедно во разни дисциплини со цел да дефинираат и помогнат во решавање на сериозни, тешки и итни прашања. Пет ментори од целата земја, избрани од страна на проектот, обезбедија директна поддршка и менторство на стипендистите во текот на планирањето и имплементацијата на 11-те мали иницијативи. Иницијативите се фокусираа на широк опсег на прашања како што се културна разновидност, промовирање на вредностите на ЕУ, правата на ЛГБТИ лицата, младинско претприемништво, родова еднаквост, активизам во локалните заедници, работнички права и млади лидери. Во табелата подолу, наведени се индивидуалните и групните иницијативи реализирани од страна на првата генерација на LEAD MK стипендисти.

„Ви благодарам за оваа прекрасна можност која ми покажа нов начин на работење и за искуството што ми помогна да станам силна личност,“ кажа Димитар Врглески, стипендист на LEAD MK од Прилеп.

Мурат Мислими	Безбеден простор за младинските организации во однос на род/родов идентитет и сексуална ориентација
Аделина Ајдари	Градење на вештини на младите за претприемништво и иновативни бизнис идеи
Стефан Петровски	Решавање на дискриминацијата и социјалното исклучување на маргинализираните групи во Македонија – „Ова се нашите приказни: гласовите кои не се слушнати“
Ивана Атанасовска	Подигање на свеста за работничките права меѓу младите
Јована Маџовска	Boys Engage
Блерина Положани	Мултикултурализам во мојата заедница
Бора Даути	Младинско учество преку ИТ едукација
Димитар Врглески	Креативно младинско учество
Оливер Васевски	Летна програма ASPIRE во Македонска Каменица
Група 1: Ева Јованова, Самет Шабани, Кристијан Фидановски и Гордана Колова	Летна школа за вредностите на ЕУ: Промовирање на младинскиот дијалог во Македонија
Група 2: Владимир Костовски, Анѓела Николиќ и Павел Пападимитров	Младински лидер

ГОДИШНА НАГРАДА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Во јуни 2017 година, ПГУ го организираше својот прв настан на отворено за промовирање на **Годишната награда за младинско учество** и оддаде признание на тројца добитници за својот извонреден придонес за младинскиот активизам во 2016 година. Наградата вклучуваше две категории: **поединци и неформални групи.** Александар Матовски и Антонио Ѓорѓиевски, и двајцата од Скопје, ја добија Наградата во категоријата за поединци. Александар е млад поет и активист кој преку својата општествена вклученост го подобрува општествениот статус на лицата со даунов синдром. Антонио е млад кулинар (шеф) кој преку својата вклученост во платформата coolinari.mk, ја промовира стручната обука меѓу младите и важноста да се поседуваат практични вештини за да се зголеми вработливоста на младите во Македонија. Во категоријата на неформална група, добитник беше Културна младинска акција од Крушево. На групата и беше одадено признание за нејзината работа за подигање на свеста меѓу

„Јас сум Цако“ – настан организиран од страна на Александар Матовски-Цако

младите во Крушево во однос на нивната одговорност за зачувување на културното наследство преку креативни и иновативни активности. Секој од добитниците беше награден со грант, како што е наведено во табелата подолу, со цел да се поддржи нивната понатамошна работа. Следниот настан на Наградата за младинско учество е планиран за јуни 2018 година.

ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО	ИМЕ НА ПРОЕКТОТ
Неформална група – Културна младинска акција Крушево	Културна младинска акција
Александар Матовски	Бидете свесни и грижете се за младите луѓе со попреченост
Антонио Ѓорѓиевски	Младински активизам “a la carte” - од шеф Антонио

СТРАТЕШКА ПОДДРШКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

На 25-ти август 2017 година, директорката на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, Ана Дракиќ и министерот за култура Роберт Алаѓозовски потпишаа Писмо за намера за стратешка соработка. Писмото утврдува взаемна заложба за соработка во развивање на програми кои го промовираат и зајакнуваат граѓанското учество во стратешки документи поврзани со културата и за вклучување на придонесот на јавноста во клучните иницијативи на Министерството, како што се нацрт-верзијата на Националната стратегија за култура за 2018-2022 година и Годишниот план за култура за 2018 година. Подолу можете да најдете повеќе информации за првиот Форум за јавна политика, кој го организиравме со поддршка на Министерството во септември 2017 година.

Потпишувањето на писмото за намера за стратешка соработка: министерот за култура и директорката на Проектот на УСАИД за граѓанско учество

НЕДЕЛА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Првата годишна Недела на граѓански организации на ПГУ се одржа од 11-ти до 17-ти септември 2017 година. ПГУ ја реализираше оваа иновативна активност со цел да ги промовира достигнувањата на граѓаните и граѓанските организации, како и да обезбеди простор за националните граѓански организации и алијансите на ГО, вклучувајќи ги и младинските граѓански организации, да ја презентираат и образложат својата работа со граѓаните, поттикнувајќи ги истите да учествуваат во иницијативи поддржани од страна на ПГУ. Во рамки на Неделата на граѓански организации се организираа различни настани во 12 градови, и тоа: Скопје, Струмица, Тетово, Липково, Кавадарци, Струга, Делчево, Свети Николе, Битола, Крушево, Гостивар и Кичево. Со цел успешно организирање на Неделата, ПГУ работеше во партнерство со 17 различни граѓански организации од целата земја и вклучи повеќе од 1,400 граѓани и претставници од приватниот сектор, владините институции и академската заедница, кои учествуваа на 21 настани, како што се дебати, младински камп, изложби, годишнини на граѓански организации, меѓународни конференции, промотивни настани на отворено, концерти и форум за јавна политика.

„Како да ја доближиме културата до граѓаните“- Форум за јавна политика

Форумот за јавна политика беше насловен „Како да ја доближиме културата до граѓаните“ и беше фокусиран на првата нацрт-верзија на Националната стратегија за културен развој на Република Македонија за периодот 2018-2022 година и објавувањето на екстензивниот процес на партиципативни јавни дебати со клучните заинтересирани страни. Министерот за култура, Роберт Алаѓозовски официјално го отвори Форумот. Златко Теодосиевски, претставник на работната група во министерството, ја презентираше нацрт стратегијата и ја водеше дискусијата за истата. Покрај тоа, Теодор Целакоски, културен работник од Република Хрватска, го сподели своето искуство во однос на партиципативните процеси за создавање на културни политики. На форумот присуствуваа претставници од релевантните институции на централно и локално ниво, граѓански организации, медиуми, индивидуални уметници и културни работници. Во текот на претстојната година, ПГУ планира да организира уште три форуми.

ДА СЕ НАПРАВИ РАЗЛИКА

За прв пат, слепите и лицата со оштетен вид гласаа самостојно

Во септември 2017 година, ПГУ додели грант за брза реакција на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА од Куманово, со цел спроведување на проектот **Политичко учество на лицата со попреченост**. Во рамки на оваа тримесечна иницијатива, Инклузива овозможи зголемено политичко учество на лицата со попреченост во Македонија, преку организирање обуки за новите процедури за гласање, и помагајќи им на слепите и на лицата со оштетен вид да вежбаат како да гласаат сами со користење на брајовото писмо. Инклузива организираше седум вакви обуки во Скопје, Куманово, Штип, Велес, Битола, Тетово и Струмица, со вкупно 103 учесници. Исто така, се оддржаа информативни работилници во седум општини за 115 лица со различни видови на попреченост.

„Познато ми е брајовото писмо, го научив во прво одделение. Способноста сама да гласам ми помогна да се чувствувам независна. Сепак, немаше да можам сама да гласам доколку не поминав низ обуката која ја обезбеди Инклузива. Обуката ми помогна да се запознаам со гласачкото ливче со брајово писмо“, изјави Милица Трпевска од Тетово.

Милица Трпевска, слепо лице од Тетово, откако успешно и самостојно го заврши процесот на гласање со користење на гласачко ливче со брајово писмо.

Учеството на граѓаните во донесувањето на одлуки – основа за градење на демократско и децентрализирано општество

Учеството на граѓаните во процесите на донесување на одлуки е клучен елемент на локалната демократија. Тоа ја зголемува транспарентноста и ги прави службениците на локалната власт да бидат отчетни за своите одлуки. Со цел поддршка на овие активности, во октомври 2017 година, ПГУ додели грант за брза реакција на Здружението за култура и развој на креативни индустрии – КУЛТ-ТРАНЗЕН. Преку нивниот грант **Политики за културно учество: нов модел на владеење во културата**, КУЛТ- ТРАНЗЕН придонесе за зајакнување на културниот развој на национално и локално ниво преку ефективно и ефикасно планирање на културните политики и програми. За таа цел, грантистот организираше осум јавни дебати за нацрт-верзијата на Националната стратегија за културен

развој во културните институции во Скопје, Струмица, Тетово, Струга, Куманово, Штип, Кавадарци и Прилеп. Скоро 300 уметници, културни експерти, истражувачи и други заинтересирани граѓани учествуваа во овие дебати и ги споделија своите мислења и сугестии за тоа како би можела да се унапреди нацрт-стратегијата.

Откако ги доби повратните информации од граѓаните, грантистот, во соработка со Министерството за култура, организираше завршна јавна дебата на 27-ми декември 2017 година во Музејот за современа уметност во Скопје, каде ги презентираше ревидираната нацрт-стратегија и првиот нацрт-акционен план за развој на културата за 2018 година. Околу 100 претставници на релевантните јавни и приватни уметнички и културни институции, граѓански организации, медиуми и културни институции учествуваа и дадоа повратни информации за двата документа. Финалната верзија на стратегијата се очекува да биде усвоена во февруари 2018 година.

Центар за култура „Марко Цепенков", Прилеп

Форум за јавна политика: Интегриран пристап за заштита на квалитетот на воздухот – унапредување на соработката меѓу централната власт, локалната власт и граѓанските организации

Соцелунапредувањенадијалоготмеѓу владините институции и останатите засегнати страни за стратешки прашања во Македонија, како и да го поттикне заедничкото чувство на одговорност за постигнување на долгорочни резултати, ПГУ го одржа својот втор форум за дискусија на јавни политики на 24-ти декември 2017 година, на темата заштита на квалитетот на воздухот, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Скоро осумдесет претставници на граѓанските организации, институциите на локалната и централната власт, академската заедница, меѓународните организации и медиумите учествуваа на настанот, каде ги понудија своите видувања за интегриран пристап за решавање на проблемот со загаденоста на воздухот.

Едвард Гонзалез, директор на канцеларијата за развој на УСАИД, Јани Макрадули, заменик министер за животна средина и просторно планирање, Петре Шилегов, градоначалник на Скопје и Ана Дракиќ, директорка на ПГУ, имаа воведни обраќања во кои ја потенцираа важноста на транспарентноста и учеството на засегнатите страни во процесите за креирање на политики. Претставниците од различни сектори – граѓанските организации (Ана Чоловиќ – Лешоска, граѓанска организација Еко-свест), локалните власти (Наташа Петровска, градоначалничка на општина Битола) и институциите на централната власт (Мирослав Богдановски, в.д. директор на Државниот инспекторат за животна средина) – презентираа идеи од своите видувања за унапредување на соработката во заштитата на квалитетот на воздухот.

Учесниците имаа можност да дискутираат за предложените пристапи за решавање на проблемот со загадувањето на воздухот, но и да создадат заеднички пристап за развој и спроведување на следните чекори кон заедничката цел за заштита на квалитетот на воздухот.

Изјави за медиумите од страна на Едвард Гонзалес, директор на канцеларијата за развој на УСАИД (прв од лево), Јани Макрадули, заменик министер за животна средина и просторно планирање (во средина) и Петре Шилегов, градоначалник на Скопје (десно)

„Инфо sид за дислексија" помага да се надминат потешкотиите во учењето

Проектот на УСАИД за граѓанско учество му додели грант за поддршка на младинско учество на **Здружението за дислексија „Ајнштајн"** за спроведување на грантот **„Инфо sид за дислексија"** чија цел беше зголемување на свесноста за предностите и недостатоците на попреченостите во учењето како што се дислексија, диспраксија, дискалкулија и дисграфија. Преку овој грант, грантистот утврди како попреченостите во учењето влијаат врз поединците и врз основа на ова сознание креираше „Инфо sид за дислексија", преку кој луѓето можат да најдат различни пристапи за справување со попреченостите во учењето. Беа организирани интерактивни презентации за повеќе



од 600 ученици и 50 преставници на училишните раководства во 15 средни училишта во земјата. Покрај тоа, грантистот работеше заедно со претставниците од општините Скопје, Охрид, Струга, Крива Паланка, Велес, Куманово, Кочани, Кавадарци, Струмица, Прилеп и Штип, како и со директорите на средните училишта од овие општини, со цел зголемено учество на локалната власт во унапредувањето на условите за учење за учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Со цел помагање на учениците и родителите да разберат што е дислексија, диспраксија, дискалкулија и дисграфија, грантистот изготви едукативни флаери на македонски и албански јазик, кои беа дистрибуирани на повеќе од 6,000 ученици. Имајќи ги овие искуства, грантистот ќе одржи јавен завршен настан во февруари 2018 година, на кој ќе презентира збир на конкретни препораки за унапредување на условите за учење во училиштата, што ќе поттикне инклузивно опкружување за учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Трансформирање на идеите за граѓанско учество во акција

Стремејќи се кон зголемено и одржливо младинско учество во Македонија, ПГУ додели грант за поддршка на младинското учество на **Здружението за демократско унапредување "Democracy Lab"** со цел спроведување на грантот **„ImpACT"**. Грантистот користи иновативен пристап во поттикнувањето на младинско граѓанско учество преку користење на технологија и соработка со граѓански организации низ цела Македонија. Преку овој грант, **"Democracy Lab"** креираше интернет-алатка која служи како едношалтерски систем за напорите на младинската заедница. Платформата нуди ресурси и алатки како вебинари за управување со дизајнирање на проекти, мапи за можности за волонтери, но и различни проектни идеи, кои се достапни на македонски и на албански јазик. Проектните идеи се организрани согласно шесте категории на цели за одржлив развој на ООН: здравје, животна средина, образование, сиромаштија и глад, човекови права и градење на заедницата. Покрај тоа, грантистот, во соработка со четири партнерски организации (Младински центар Креактив – Кавадарци, Здружение за развој на младите Фактор – Кичево, Здружение Аурора- Тетово и Платформа за јакнење на младите – Гостивар), одржа 16 јавни средби со учество на повеќе од 300 млади луѓе, на кои се разговараше за потребите на заедницата во нивните родни градови. Врз основа на овие разговори се креираа проектни предлози, а претставниците на **Democracy Lab** им помогнаа на младинските групи во развивањето на проекти, финансискиот менаџмент и доближувањето до младите со цел спроведување на конкретни акции во заедницата. Во понатамошниот текст, прикажуваме дел од 20-те успешно спроведени акции во Кавадарци, Гостивар, Кичево и Тетово: „Чувајте го Гостивар чист", „Сè што ни е потребно е љубов", „Филмски фестивал", „Food Drive" (собирање на храна како донација); „Мурал проект" и „Прекинете ја сиромаштијата сега". Преку овие акции, 1,675 млади луѓе учествуваа во различни акции и активности во заедницата.

Акција – чувајте го Гостивар чист

Претстојни активности

- Во февруари 2018 година, Проектот ќе ги објави добитниците на грантовите за стратешка поддршка во износ до 120,000 американски долари за грант.
- Во март 2018 година, Проектот јавно ќе ги објави имињата на шесте младински граѓански организации на кои им се доделени грантови за поддршка на младинското учество, во износ до 15,000 американски долари за грант.
- Во март 2018 година, Проектот ќе објави Повик за номинации за втората Награда за младинско учество.
- Во мај 2018 година, Проектот ќе ги додели двата партнерски гранта (ПГ) во износ до 120,000 американски долари за грант, како одговор на вториот повик за ПГ кој беше објавен во јануари 2018 година.
- Во јуни 2018 година, Проектот ќе ја организира својата втора Недела на граѓански организации и настанот за Наградата за младинско учество.
- До јуни 2018 година, ќе се доделат до 3 грантови за брза реакција во просечен износ од 7,500 американски долари за грант, за проектни активности до шест месеци.

Овој билтен е подготвен од страна на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, со поддршка на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на билтенот е единствена одговорност на Ист Вест Менаџмент Институт, а истата не ги изразува ставовите на УСАИД или на владата на САД.